## *СКРИШНО СЕ ЛЕНА АРМАСА*




*Скришно се Лена армаса*
*за Ѓорѓи трендафилчето,*
*Ѓорѓи Елена остави,*
*преку граница префрли.*

*Љуто го Лена прек'лна:*
*"Да дади господ, бре Ѓорѓи,*
*Србија бој да отвори*
*Србија бој да отвори,*
*девет куршуми да пукне*
*десет во Ѓорѓи да влезе!"*

*Ѓорѓи Елена побара:*
*"Дека си, Лено, дека си, Лено,*
*дека си, Лено, дека си*
*сега при мене да дојдеш?*

*Сега при мене да дојдеш*
*љутите рани да миеш,*
*љутите рани да миеш,*
*крвави крпи да переш?"*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978